## ПОТРЕБНА ХРАНА ЗА ЕДНА КОЗА, ЕДЕН ЈАРЕЦ ЗА ЕДНА ГОДИНА

| **Опис** | **Сенажа од трева кгр.** | **Ливадско сено кгр.** | **Сено луцеркино кгр.** | **Пченка кгр.** | **Овез кгр.** |
|---|---|---|---|---|---|
| Кози во бременос 6о-9о дена | | 66 | | | |
| Последните 60 дена од бременоста | | 132 | | 18 | |
| Коза во лактација 1-90 дена | 360 | 180 | | 63 | |
| Коза во лактација 91-180 дена | 405 | | 45 | 54 | |
| Коза во лактација 181-270 дена | **360** | | 45 | 36 | |
| **Вкупно за една коза за 1 година** | **1125** | **378** | **90** | **171** | |
| **Вкупно потребно храна за пасплоден јарец за 1 година** | | **910** | | **55,5** | **74** |

Во зависност од дневното производство на млеко на козите, се користат следните дневни дажби:

1. Шталска исхрана :
- 1,5 кг. сено, репа и 650 гр.концентрат (жито)
- 2,5 кг.сено и 400гр. концентрат
- 1,5 кг. сено, 1 кг. пченкарна силажа, 300 гр. концентрат
- Сено по желба, 200 гр. концентрат или 1 кгр. зрна од легуминози (граор,грашак и др.),
2. Исхрана на паша
- 7 кгр. паша, 0,5 кгр. сено, 200 гр. концентрат
- 6-8 кгр. паша, 1 кгр. луцерка, 2,5кгр, силажа од пченка
- 6 кгр. паша, 1,5 кгр. сено, 200 гр.концентрат

**Минералите да ги имаат на располагање , бидејќи 1 литар млеко содржи 7 гр. минерални материи**.

## ИСХРАНА НА ЈАРЦИ

За разлика од козите , времетраењето на користење на јарците е многу пократок .
Тие добиваат одржна дажба 8-10 месеци. За овај период можат да добиваат исто кабаста храна како и козите. Ако се хранат со сено добиваат дневно 2-3 кгр. во зависност од нивната телесна маса. На јарци од 60 кгр.може да се дава 2 кгр.сено, а на јарци од 90кгр. по 3 кгр. сено. Не е потребно да им се даваат концентрати , освен ако се работи за многу квалитетни грла или за слаби животни.Во овај случај се дава 100 до 200 гр. концентрат дневно. На јарците како и на козите , дел од сеното може да се замени со некои од другите кабасти крми, кои ги произведува самиот сопственик или самото стопанство.
Во Период на парење јарците имаат помал апетит спрема сеното. Затоа во тој период треба да им се дава околу 0,5 кгр. сено помалку. Меѓутоа нивните потреби треба да се надополнат со концентрат . Во тој период дневната дажба треба да биде зголемена за 15-20% од одржната . Со додавање на концентрирана крма треба да се започне на 6-7 недели пред почетокот на парење , а да се престане на 6 до 7 недели по парењето, за да се доведат јарците во нормална приплодна кондиција. Во тој период треба да им се дава 300-600 гр. концентрат во зависност од нивната состојба во тој период. Не смее да се дозволи да бидат угоени пред парење, ниту ослабени . Во дажбата не треба да има поголеми количини фосфор, за да не дојде до зголемување на бубрезите. За таа цел да се избегнува давање на трици ,а да се дава овес.